WORLD BANK GROUP

РЕДОВЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН бр.17 | пролет 2020

# Економско и социјално влијание од КОВИД-19

## СИРОМАШТИЈА И ДОБРОСОСТОЈБА НА ДОМАЌИНСТВАТА



*“Ти и јас“ - Тања Бурзановиќ, Црна Гора*

ТРЕИ бр. 17 е збирка од белешки за Економското и социјално влијание од КОВИД-19, кој ќе биде објавен во три дела. Првиот дел беше објавен на 29-ти април и се фокусирае на макроекономското вилјание од КОВИД-19. Вториот дел информира за тоа како макроекономските последици влијаат врз луѓето во регионот. Тој дискутира за социјалните последици од КОВИД-19 во Западен Балкан во шест посебни РЕИ белешки за сиромаштијата и благосостојбата, пазарот на труд, здравството, образованието, загадувањето на воздухот и социјалната заштита. Третиот дел, кој ќе биде објавен во првата половина од јуни, ќе се фокусира на специфични одговори за економски политики - фискални, надворешен и финансиски сектор- и влијанието на кризата врз приватниот сектор, како што е информирано од фирмите.

# Белешка на РЕИ
# Како КОВИД-19 би можел да влијае врз сиромаштијата и врз добросостојбата на домаќинствата во Западен Балкан[1]

- КОВИД-19 и мерките за сузбивање ќе го запрат намалувањето на сиромаштијата и подобрувањето на добросостојбата во Западен Балкан.
- Кризата веројатно, освен што влијае врз здравјето и врз достапноста на услугите, ќе ја погоди добросостојбата на домаќинствата главно преку помалиот број работни места и загубата на приходите од работа во најпогодените сектори како и како резултат на помалите дознаки од странство.
- Во отсуство на одговор на владата, повеќе од 400.000 лица во регионот би можеле да паднат во сиромаштија, а средната гласа значително да се намали.
- Многу од оние што би можеле да осиромашат поради кризата со КОВИД-19 нема да добијат социјална заштита ако не се прошират програмите, а особено се во ризик работниците од неформалниот сектор без пристап до осигурување во случај на невработеност и до друга поддршка што ја добива формалната економија.
- Освен одговорот во однос на јавното здравје, властите во регионот треба да го минимизираат негативното влијание врз економијата и врз сиромаштијата преку обезбедување основни комунални и социјални услуги и ублажување на шоковите врз приходите, особено кај најранливите работници.

**Неодамнешните подобрувања во намалувањето на сиромаштијата и добросостојбата прекинуваат откако кризата со КОВИД-19 ги турна економиите од Западен Балкан во рецесија.** Пред ударот на КОВИД-19 на почетокот до 2020 година, повеќето од шесте земји во регионот направија забележлив напредок во намалувањето на сиромаштијата и подигањето на приходите на домаќинствата.[2] Сепак, во 2019 година, околу 19,7 проценти од населението во регионот и понатаму живееше со помалку од 5,50 долари на ден (ПКМ 2011) по лице – стандарден праг на сиромаштијата за земјите со високи средни приходи – а значителен број беа блиску до станување сиромашни.[3] Кризата веројатно ќе го прекине и делумно ќе го преобрати неодамнешниот напредок. Во оваа белешка се илустрираат можните влијанија врз дистрибуцијата и врз сиромаштијата на КОВИД-19 во Западен Балкан.[4] Се разгледуваат каналите на трансмисија: како КОВИД-19 може да влијае врз сиромашните и врз конкретните групи во регионот. Во квантитативната симулација ги покажува

---

[1] Оваа белешка е подготвена од тимот на Светска банка за сиромаштија и еднаквост во Западен Балкан составен од Леонардо Лукети, Транг Нгуен, Ана Марија Овеидо и Џејн Ју. Енрике Бланко Армас, Фасундо Куевас, Алан Фухс Тарловски, Идит Кикони, Марија Ана Луго, Марк Тобиас Шифбауер, Дирхај Шарма, Галина Винселете и Салан Заид дадоа корисни коментари и сугестии.

[2] Заради едноставност, во оваа белешка приходите генерално се мерка за добросостојбата иако за Косово и за Босна и Херцеговина за тоа се користи потрошувачката.

[3] Во оваа белешка, проценката на сиромаштијата се базира на 5,50 долари (ПКМ 2011) по лице на ден за сите земји освен за Босна и Херцеговина каде сиромаштијата се базира на прагот од 205 КМ месечно. Регионалната стапка на сиромаштија се пресметува како просек пондериран по население на проценките на сиромаштијата во земјите за 2019 година, користејќи ја истата основа. Регионалната стапка не ја вклучува Босна и Херцеговина бидејќи за неа нема споредливи податоци.

[4] Препораки што би можеле да направат земјите за да ги минимизираат влијанијата врз сиромаштијата и врз дистрибуцијата може да се најдат во споредбените белешки на РЕИ, вклучувајќи ја белешката „Одговори на социјалната заштита на КОВИД-19 во Западен Балкан“.

загубите што би можеле да се предизвикаат преку намалените часови работа, заработувачките и дознаките. Бидејќи состојбата брзо се менува и е многу несигурна, симулациите се потпираат на веројатните сценарија што се засноваат на сега достапните информации. Тие демонстрираат дека без внимателно обмислени одговори на политиките, КОВИД-19 би можел да има тешки негативни последици врз сиромаштијата и врз благосостојбата на домаќинствата во регионот. Иако секој е погоден со КОВИД-19, сиромашните и ранливите групи може да бидат особено погодени бидејќи тие обично имаат послаб пристап до услугите и помали заштеди и механизми за справување.

## Канали за пренос на агрегатните шокови предизвикани од КОВИД-19 на поединците

**Освен директните здравствени влијанија, постојат многу начини на кои кризата со КОВИД-19 може да влијае врз добросостојбата на поединците и на домаќинствата,** вклучувајќи:[5]

1. Помалку работни места и поради тоа намалување на приходите од труд поради намалување на побарувачката и нарушување на понудата;
2. Пониски приходи од други извори, особено од дознаки од оние што се иселиле во ЕУ;
3. Можно намалување на реалните приходи ако нарушувањето на синџирот на снабдување доведе до зголемување на цените, ограничување на основните стоки за потрошувачка како што е храната или двете;
4. Притисок врз извршувањето на услугите и нарушување на образованието, здравството и на социјалните услуги (разгледани во други белешки на РЕИ) под ризик за незадоволување на потребите на ранливите групи како што се децата од средини во полоша состојба, постарите и лицата до попреченост).

Особено за сиромашните домаќинства што немаат заштеди, осигурување и механизми за справување, продолжената загуба на приходи може да ја оштети нивната способност да инвестираат во учењето, исхраната и здравјето на децата и мајките со сериозни долгорочни последици.

**За лицата во Западен Балкан, загубата на приходите од труд ќе биде главен начин на кој се пренесуваат економските влијанија на пандемијата.** Тие веројатно прво ќе ги погодат оние вработени во ранливите сектори, но на крајот ќе се прошират и на другите делови на економијата низ формалните и неформалните сектори. Фактички, работниците во угостителството, забавата, транспортот, трговијата со непрехранбени производи и дел од преработувачката индустрија (на пример, за облека, автомобили) беа веднаш погодени. Пред КОВИД-19, околу 48-65 проценти од работниците во земјите од Западен Балкан беа вработени во сектори што се умерено или многу погодени од кризата (види Анекс табела А.1) и тие и понатаму ќе ја чувствуваат болката, дали преку загуба на работните места или преку помали приходи. Одделна белешка за вработеноста „ Пазарите на трудот во Западен Балкан и потресот од КОВИД-19“ за ова издание на РЕИ подетално ги разгледува секторите што се најакутно погодени и колку се погодени во секоја од земјите.

**Самовработените, неформалните работници и оние со повремена работа или понесигурни договори се особено во опасност.** Поверојатно е дека тие ќе ја загубат работата, ќе им бидат скратени работните часови или ќе бидат пратени на принуден одмор отколку формално вработените со договори на неопределено време. И работниците во гиг економијата и оние што не

[5] “Poverty and distributional impacts of COVID-19: Potential channels of impact and mitigating policies”, World Bank Poverty and Equity Global Practice, April 3, 2020.

можат да работат на далечина се исто така многу ранливи. Многу од овие работници, често неформално вработени, немаат социјални осигурување и нема да се квалификуваат за надоместоци во случај на невработеност кога ќе ги загубат своите работни места. Мерките на властите за одговор на кризата со кои им се помага на фирмите во формалниот сектор да ги задржат работните места нема директно да допрат до неформалните работници. Многу од овие неформални или самовработени работници не се корисници на социјалната помош што е резервирана за најсиромашните што ги става во особен ризик. Во секторите што е многу погодени од КОВИД-19, околу 14 до 33 проценти од работниците во економиите на Западен Балкан се самовработени и со тоа се особено ранливи (Слика 1). Овој удел е особено висок во Албанија и во Косово. Нивото на вештини на работниците во Косово, Црна Гора, Северна Македонија и во Србија се нешто пониски во погодените отколку во другите сектори. И просечната плата во погодените сектори е обично пониска (освен земјоделството што не се смета дека е погодено).

**Слика 1: До една третина од работниците во погодените сектори се самовработени и особено ранливи на загуба на приходите, главно во Албанија и во Косово**

*Дистрибуција на вработеноста по вид, умерено и многу погодени сектори, проценти.*




*Извор*: Анализа на АПУЖ и на АПД.

**И другите приходи веројатно ќе опаднат поради намалувањето на дознаките.** Во 2019 година, во земјите на Западен Балкан, дознаките изнесуваа 2-10 проценти од БДП, а Босна и Херцеговина и Косово беа особено зависни од нив.[6] Работниците во странство, особено оние чие вработување е привремено или неформално, може да ги загубат работните места во европските земји што се тешко погодени од пандемијата и од ограничувањето на движењето. Некои од овие иселеници ќе се вратат дома со ризик да останат невработени без пристап до социјална заштита. Приливот на дознаки во семејствата во Западен Балкан ќе се намали.

**Сиромашните и ранливите може да претрпат големи економски и социјални трошоци.** Голем дел од несиромашното население е во ризик да падне во сиромаштија. Епидемијата на КОВИД-19 тешко ќе ги погоди жителите на урбаните подрачја, особено оние чии работни места се неформални и што

[6] World Bank (2019) Western Balkans Regular Economic Report: Fall 2019. http://documents.worldbank.org/curated/en/643781570478210132/pdf/Rising-Uncertainties.pdf

е помалку веројатно дека ќе ги користат мерките за заштита на формалните работните места. Ограничените заштеди, ниската покриеност со осигурување и релативно помалиот пристап до јавни услуги може да ги влоши долгорочните негативни ефекти. Исто така, жените и малцинските групи, кои се традиционално попогодени од домашно насилство и од социјална дискриминација, може да бидат потешко погодени од мерките за спречување на ширењето на КОВИД-19. Затворањето на градинките и на училиштата би можело да го зголеми товарот врз мајките што треба да останат дома, негативно влијаејќи на работата на жената. Социјалната изолација, мерките за спречување на ширењето, ограничувањата на патувањата и повисокиот стрес веќе го зголемуваат домашното насилство што е забележано во повеќе медиумски извештаи и извештаи на ОГС.[7] Бидејќи постарите имаат релативно поголеми шанси да добијат здравствени компликации тие се непропорционално повеќе погодени со епидемијата. Ова прашање е особено релевантно во Западен Балкан каде населението во последните години, сé повеќе старее. Конечно, ризикот по здравјето и по приходите е повисок за Ромите отколку за другите етнички малцинства кои имаат помал пристап до основни услуги и до економски можности.

## Можниот интензитет на дистрибутивните влијанија на КОВИД-19 во Западен Балкан

**Во оваа белешка се користи симулациона анализа да се процени веројатното влијание на сиромаштијата врз пандемијата и врз мерките за сузбивање.** Симулациите се занимаваат со апроксимација на влијанието од прв ред пред било какви одговори на властите, преку повеќе канали: приходи од секој сектор, вид на работа и приватни трансфери на домаќинствата. Сиромаштијата се базира на приходите за Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, а потрошувачката е мерка за мерење на добросостојбата за Босна и Херцеговина и Косово.[8,9] Економските сектори се групирани во три категории: (1) релативно непогодени, (2) умерено погодени и (3) многу погодени (Види Табела А.1). Самовработените работници се претпоставува дека се релативно повеќе погодени од работниците на плата. Со симулацијата се земаат две сценарија: во сценариото 1, епидемијата и мерките за сузбивање што траат до крајот на јуни и сценарио 2 во кое тие траат до крајот на август. Проценките се просечни влијанија за целата година и влијанијата ќе бидат најтешки во еден или два квартали најтешко погодени со епидемијата и со мерките за сузбивање. Целосните технички детали на методологијата се дадени во Анекс 2.

[7] Види, на пример, https://eca.unwomen.org/en/news/stories/2020/4/statement-ed-phumzile-violence-against-women-during-pandemic.

[8] Податоци за приходите во анкетите на домаќинствата често не ги бележат највисоките приходи. Пред симулацијата, сите приходи сега се сведени на вредности од 2019 година врз основа на растот на реалниот БДП по глава на жител претпоставувајќи стапки на премин специфични за секоја земја.

[9] Во некои анкети, податоците за приходите може да бидат помалку сигурни отколку податоците за потрошувачката и тие две не секогаш се поклопуваат. На пример, во БИХ, приходите на домаќинствата систематски се за околу третина пониски отколку потрошувачката на домаќинствата делумно бидејќи на мерењето на потрошувачката се применува импутација, а на мерењето на приходите не. Оттаму, резултатите за БИХ се потценети. Треба да се сметаат дека се на подолната граница на влијанието и не се целосно споредливи со влијанието на сиромаштијата во другите земји од регионот. Сепак, симулацијата на приходните шокови во БИХ и понатаму е информативна ако резултатите се земаат предвид со претпазливост (World Bank. 2015. Rebalancing Bosnia and Herzegovina: A Systematic Country Diagnostic. Washington, D.C.: World Bank Group).

**Слика 2. Епидемијата на КОВИД-19 значително ќе го зголеми бројот на сиромашни луѓе**

*Симулирана промена на бројките на сиромаштијата (С), ранливите (Р) и на средната класа (СК) поради КОВИД-19*




*Извор*: Симулации на Светска банка базирани на податоците за приходите од 2017 од АПУЖ за Албанија, Северна Македонија и Србија и податоци за приходите од АПУЖ за Црна Гора; АПД 2015 за БИХ и АПД 2017 за Косово.

*Забелешка*: С = Сиромашни, Р = Ранливи и СК = Средна класа. Мерењето на приходите во АПУЖ и на потрошувачката во АПД не се споредливи. Основа = сиромаштија проценета во 2019 врз основа на податоците за анкетата на домаќинства во поранешните години и растот на реалниот БДП по глава на жител. Бидејќи сиромаштијата во БИХ се базира на месечниот праг од 205 КМ по глава на жител и мерењето на добросостојбата по глава на жител е ограничено на цените од 2007 година, не можат да се пресметаат ранливоста и средната класа и резултатите не се споредливи со другите земји.

**Се проценува дека во Западен Балкан без да се земат предвид мерките на властите за одговор на кризата со КОВИД-19, таа би можела да однесе во сиромаштија најмалку 400.000 лица и дури 950.000 ако кризата се пролонгира.** На Слика 2 е прикажано дека бројот на лица во трите категории би можел да се промени како резултат на КОВИД-19: Сите шест земји би имале илјадници повеќе граѓани што ќе западнат во сиромаштија и да го вратат назад напредокот направен во намалувањето на сиромаштијата во последните пет до осум години. Во првото симулирано сценарио, КОВИД-19 се проценува дека ќе ја зголеми стапката на сиромаштија (според стандардите за земјите со високи средни приходи))[10] за 1 до 4 процентни поени (пп) во сите шест земји (Слика 3). Сиромаштијата ќе се зголеми повеќе ако кризата потрае до крајот на август што е прикажано со сценариото 2, на пример, за 3 пп во Црна Гора до 10 пп во Косово. Уделот на ранливите (што живеат со приходи од 5,50 до 11 долари на ден по ПКМ 2011) се проценува дека ќе се зголеми во Северна Македонија, Црна Гора и во Србија и во другите земји, преминувањето од ранливост во сиромаштија го надминува движењето од средна класа кон ранливост. Во сите земји со кризата се

[10] Бидејќи недостасуваат споредливи податоци, сиромаштијата во БИХ се заснова на праг од 205 КМ месечно.

намалува и уделот на населението што е економски сигурно (средна и виска класа) за 3-5 пп во сценариото 1 и околу 6-10 пп во сценариото 2.

**Загуби на приходите веројатно ќе има низ целата дистрибуција на приходи.** Просечниот приход на домаќинства е симулиран да падне за 3 до 12 проценти во шесте земји. На Сликата 4 се илустрира намалувањето низ дистрибуцијата на приходите поради КОВИД-19. Загубите на приходи што би можеле да ги претрпат поединците и семејствата од најсиромашниот квинтил се во опсег од 3 проценти во БИХ до 5 проценти во Косово, според сценариото 1 или двојно според сценариото 2. Во повеќето земји на Западен Балкан, споредено со остатокот на населението, најсиромашните повеќе се потпираат на приходи што не се од труд, а помалку на приходи од работа во секторите што се најпогодени од КОВИД-19. Сепак, бидејќи сиромашните домаќинства имале малку уште на почетокот, загубата на приходите може да ја загрози нивната способност да си ги задоволат основните потреби и да инвестираат во критичниот човечки развој. Вториот до петтиот квинтил се проценува дека се соочуваат со поголемо намалување на приходите бидејќи поголем дел од нивните вкупни приходи доаѓа од најпогодените сектори.

**Слика 3. Епидемијата на КОВИД-19 би можела да потисне голем дел од ранливите во сиромаштија.**

*Симулирано влијание на кризата со КОВИД-19 по економски класи*




*Извор*: Симулации на Светска банка врз основа на податоците за приходите од 2017 година од АПУЖ за Албанија, Северна Македонија и Србија; податоци за приходите од 2015 година од АПУЖ во Црна Гора; АПД 2015 во БИХ и АПД 2017 во Косово. *Забелешка*: Сценарио 1 = кризата трае еден квартал; Сценарио 2 = кризата трае два квартала. Види Слика 2 за дополнителни забелешки.

**Слика 4. Приходите на домаќинствата ќе паднат низ дистрибуцијата на приходите.**
*Симулирана загуба на приходи поради КОВИД-19 (%) по квинтили на дистрибуција на благосостојбата.*




*Извор*: Симулации на Светска банка врз основа на податоците за приходите од 2017 година од АПУЖ за Албанија, Северна Македонија и Србија; податоци за приходите од 2015 година од АПУЖ во Црна Гора; АПД 2015 во БИХ и АПД 2017 во Косово..
*Забелешка*: види Слика 2.

**Оние што работат во најпогодените сектори доживеаја особено високо зголемување на стапките на сиромаштија поради КОВИД-19, иако често пред кризата не биле меѓу најсиромашните.** На пример, во Црна Гора, само 6 проценти од оние што работат во најпогодените сектори (Категорија 3 во Табелата А.1) биле сиромашните пред кризата, но пандемијата се очекува да ја зголеми стапката на сиромаштија кај нив до 9 проценти во сценариото 1 и 13 проценти во сценариото 2.

**Слика 5. Многу од новите сиромашни не добиваат никакви социјални надоместоци.**
*Симулиран процент на населението што не добива никаква поддршка за социјална заштита*




*Извор*: Симулации на Светска банка врз основа на податоците за приходите од 2017 година од АПУЖ за Албанија, Северна Македонија и Србија; податоци за приходите од 2015 година од АПУЖ во Црна Гора; АПД 2015 во БИХ и АПД 2017 во Косово.. *Забелешка*: види Слика 2.

**Многу од новите сиромашни може да бидат оставени без поддршка од социјалната заштита освен ако не се прошират програмите.** Неформалните работници што ќе ги загубат своите работни места не добиваат надоместоци за осигурување во случај на невработеност. Иако програмите за социјална помош во Западен Балкан се генерално добро насочени, покриеноста на сиромашните е ограничена. Мал дел од новите сиромашни добиваат било каков надоместок за социјална заштита, на пример, повеќе од 75 проценти од нив во Албанија, Северна Македонија и во Црна Гора (Слика 5). Групата на нови сиромашните што не се квалификуваат за осигурување во случај на невработеност или за социјална помош би била особено ранлива без политики за нивна поддршка.

### Резултати по земји

**Албанија:** КОВИД-19 и мерките за сузбивање се очекува да направат пресврт во неодамнешното намалување на сиромаштијата во Албанија. Албанија во март ги затвори угостителството, театрите и трговијата на мало со неосновни производи и го ограничи движењето на луѓето како во земјата така и во странство. Многу дејности, меѓу нив текстилната индустрија, рударството, повикувачките центри и градежништвото беа принудени да го намалат производството за да се придржуваат на условите за социјално дистанцирање и поради падот на побарувачката како резултат на колапсот на извозот. Албанските иселеници исто така се погодени од оваа светска криза што ги намалува нивните приходи, а со тоа и дознаките. Симулацијата направена за потребите на оваа белешка проценува дека сиромаштијата во Албанија би можела да се зголеми за 4-8 пп, до околу 40 проценти во првото сценарио и 44 проценти во второто. Оттаму, во пооптимистичкото сценарио сиромаштијата би можела да се врати на нивото од 2012 година, а во попесимистичкото би се вратила на стапката од 2005 година. Бидејќи повеќето од луѓето што работат во земјоделството се веќе сиромашни, а симулацијата не предвидува пад на приходите во земјоделството, зголемувањето на сиромаштијата главно е резултат на тоа што луѓето во градовите што работат во услугите губат значителен дел од своите заработки.

**Босна и Херцеговина:** Запирањето на активностите поради светската епидемија на КОВИД-19 и придружните потенцијални загуби на работни места и на заработки веројатно ќе имаат краткорочен ефект врз сиромаштијата. Најновите достапни податоци за сиромаштијата во БИХ се за 2015 година кога сиромаштијата се проценува на 16 проценти, многу блиску до стапката на сиромаштија од 14 проценти во 2007 година. Симулациите покажуваат дека потрошувачката веројатно ќе се намали за 3,5 до 6,7 проценти низ целокупната дистрибуција на приходите така што сиромаштијата се предвидува дека ќе порасне од околу 11,8 проценти во 2019 на 12,9 до 14,6 проценти во 2020 година. Во зависност од тоа дали кризата ќе трае еден или два квартали, околу 35.000 до 85.000 лица веројатно ќе паднат во сиромаштија. Сиромаштијата меѓу работниците во најпогодените сектори пред пандемијата беше околу 9 проценти. Меѓутоа, оваа стапка веројатно ќе порасне до 11 проценти во сценариото 1 и 15 проценти во сценариото 2. Загрижувачки е дека повеќе од 60 проценти од оние што веројатно ќе западнат во сиромаштија поради кризата со КОВИД-19 сега не се покриени со ниту една програма за социјална заштита.

**Косово:** Влијанијата на КОВИД-19 врз сиромаштијата веројатно ќе бидат значителни бидејќи економската активност во Косово практично запре, а дознаките опаднаа. Значителен број луѓе веројатно ќе ги загубат своите работни места, особено оние на определено време, сезонските работници и оние што работат во неформалната економија. Косово има голем градежен сектор што е особено чувствителен бидејќи е важен извор на приходи на сиромашните и ранливите од градските средини. Секако, симулацијата спроведена за оваа белешка покажува дека 57.000 – 148.000 лица би можеле да станат сиромашни додека средната класа би можела да се намали за дури 100.000 лица. Ова е еквивалентно на раст на стапката на сиромаштија за 4-10 пп. Иако

социјалната помош е важен извор на приходи за сиромашните (околу 15 проценти во 2017 година) и до некој степен ќе ги заштити најсиромашните од ефектите на кризата, повеќе од половината луѓе што ќе паднат во сиромаштија не се корисници на ниту една тековна социјална програма (иако околу 40 проценти примаат пензии), ќе биде неопходно да се прошири опфатот, а можеби и дарежливоста на програмите за парични надоместоци за да се олеснат ефектите од колапсот на приходите.

**Црна Гора:** Пандемијата на КОВИД-19 би можела да ја зголеми стапката на сиромаштија во Црна Гора за проценети 1,5-3 пп, во зависност од тоа дали кризата ќе трае еден или два квартали, но најголем дел од новите сиромашни може да останат незаштитени. Резултатот би бил да се поништи намалувањето на сиромаштијата во последните 4-6 години и сиромаштијата да се врати на нивото од 2015 па дури и од 2013 година. Од околу 9.000 до 20.000 граѓани би можеле да паднат во сиромаштија како резултат на економскиот шок. Меѓу работниците во најпогодените сектори (види Табела А.1), само 6 проценти биле сиромашни пред пандемијата, но стапката се проценува да се покачи на 9 проценти во сценарио 1 и на 13 проценти во сценарио 2. Просечните приходи на домаќинствата би можеле да се намалат за 5 до 10 проценти – повеќе во повисоките квинтили бидејќи поголем дел од нивните вкупни приходи доаѓа од најпогодените сектори. Уделот на населението што се смета за ранливо (не сиромашно, но не ни економски сигурно) може да се покачи од 28 проценти на проценети 29-31 проценти. Загрижувачки е дека повеќе од 80 проценти од Црногорците што би можеле да станат сиромашни поради кризата со КОВИД-19 сега немаат никаква поддршка од социјалната заштита. Со нејзините ограничени фискални заштитни механизми, краткорочните одговори на политиките на Црна Гора веројатно би биле насочени, но би требало да го земат предвид намалувањето на неповолните влијанија врз сиромашните и врз ранливите работници и семејства.

**Северна Македонија:** Комбинираните ефекти на пониските приходи од работа и пониските дознаки како резултат на КОВИД-19 веројатно ќе ја зголемат сиромаштијата на нивото од пред 2017 па дури и од пред 2015 година зависно од времетраењето на кризата. Симулациите предвидуваат стапката на сиромаштија да порасне од околу 17 проценти во 2019 до околу 20-23 проценти во 2020 година и од 55.000 до над 130.000 граѓани на Северна Македонија (во зависност од тоа дали кризата ќе трае еден или два квартали) би западнале во сиромаштија. Пред пандемијата, сиромаштијата меѓу работниците во најпогодените сектори беше само 4 проценти, но оваа стапка се проценува да достигне околу 8 проценти во сценариото 1 и 15 проценти во сценариото 2. Влијанието на епидемијата веројатно ќе се разликува низ дистрибуцијата на приходите; приходите ќе паднат за околу 5 до 8 проценти кај оние во најнискиот квинтил и од 7 до 13 проценти или повеќе кај остатокот од населението. Исто така, повеќе од 75 проценти од оние што веројатно ќе паднат во сиромаштија сега не се покриени со ниедна програма за социјална заштита.

**Србија:** Неодамнешното намалување на сиромаштијата во Србија би можело да доживее пресврт во 2020 година. Во зависност од времетраењето на кризата, 125.000 до 327.000 граѓани би можеле да западнат во сиромаштија поради економскиот шок. Се проценува дека сиромаштијата во Србија ќе се зголеми за 2-4 пп, достигнувајќи го нивото од 2016-17 година. Меѓу работниците во најпогодените сектори (види Табела А.1), пред пандемијата биле сиромашни само 8 проценти, но тоа би можело да порасне до проценети 12 проценти во сценариото 2 и 19 проценти во сценариото 2. Во двете сценарија, просечните приходи на домаќинствата би можеле да се намалат за 5 до 10 проценти – повеќе во средните квинтили што се потпираат на приходите од најпогодените сектори. Уделот на населението што се смета за ранливо (не сиромашно, но не и економски сигурно) се проценува да се зголеми од околу 31 процент на 33-35 проценти. Многу од новите сиромашни може да бидат оставени без поддршка од социјалната заштита освен ако властите не ги ревидираат

програмите за надоместоци. Околу 66 проценти од Србите што би можеле да станат сиромашни поради кризата со КОВИД-19, сега живеат без надоместоци за социјална заштита. Краткорочни мерки за ублажување на влијанијата врз сиромашните и врз ранливите би можеле да бидат важни за да се надополнат одговорите на агрегатната макроекономска политика.

## Насоки на широките политиките

**Симулациите покажуваат дека освен здравствените влијанија, значително би можела да се зголеми сиромаштијата и да се намали средната класа во сите земји.** Повеќето од новите сиромашни и ранливи сега не добиваат надоместоци за социјална заштита. Јасно е дека прв приоритет е да се ограничи ширењето на вирусот и да се заштити здравствениот систем како што сега права сите земји. Но, бидејќи екстремните мерки може да имаат тешки негативни социјални и економски влијанија, особено за ранливите и сиромашните во урбаните средини, минимизирањето на овие загуби е втор приоритет на политиките. Секако, властите во сите шест земји преземаат чекори за да го направат тоа. Повеќето од објавените мерки ги поддржуваат работниците од формалниот сектор или корисниците на постојните програми за социјална помош, оставајќи ги незаштитени ранливите неформални работници. Широките политики опишани во овој документ допираат две области: обезбедување на основните социјални услуги, вклучувајќи го заштитувањето на инвестициите во човечкиот капитал и олеснување на шоковите врз приходите особено за поранливите работници. Конкретните одговори се детално разгледани во другите белешки на ова издание на РЕИ.

**Прво, властите мора да ги обезбедат основните услуги, сигурноста на снабдувањето со храна, на живеалиштето и основните социјални услуги за најранливите.** И покрај тешките мерки за ограничување на движењето и намалената економска активност, обезбедувањето основни услуги како што се комуналните, поврзаноста, управувањето со отпадот и одржувањето на инфраструктурата и понатаму се основни делумно бидејќи осигуруваат дека луѓето ќе се придржуваат до ограничувањето. Исто така, многу луѓе во Западен Балкан не се во работната сила и нема да бидат опфатени со повеќето од мерите за економско спасување. Меѓу нив се најранливите – постарите, лицата со попреченост и етничките малцинства – чија ситуација би можела да се влоши кога ќе се намалат дознаките. Ќе биде важно тие одговори, вклучувајќи ја и поддршката во натура, да осигурат дека ним им е достапно минимално ниво на поддршка и на услуги. Исто така, политиките за поддршка на континуираното учење на сите е критично за да се заштитат инвестициите во човечкиот капитал и да се избегне влошување на јазовите во учењето за децата од опкружувања во потешка положба.

**Второ, одговорите на политиките треба да ја заштитат живејачката и да го олеснат закрепнувањето за работниците во неформалниот како и во формалниот сектор.** Минимизирањето на затворањето на фирмите и загубата на работни места е прв чекор и може да има важни ефекти на прелевање за неформалниот како преку каналите на понудата така и на побарувачката. Овие мерки се потребни и за да се осигури дека се одржува минимално ниво на економска активност или може да продолжи релативно брзо откако ќе се укинат ограничувањата на движењето. Уште поважно, треба да бидат воведени одговори за поддршка на приходите за работниците што може да не се покриени со програмите за поддршка на фирмите бидејќи тие се самовработени или работат во неформалниот сектор. Примери за вакви мерки се проширувањето на програмите за социјална заштита, програмите за јавни работи и прилагодувањето на осигурувањето во случај на невработеност.

## Анекс 1: Вработеноста во секторите што се погодни и во оние што не се погодени од КОВИД-19

**Табела А.1: Дистрибуција на вработеноста по сектори и проценет степен на влијание врз растот на секторот**

| Дистрибуција на вработеноста по сектори (% од вработените) | АЛБ | БИХ | КОС | МКД | ЦГ | СРБ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | 33,4 | 17,1 | 7,8 | 11,1 | 6,2 | 8,2 |
| Рударство | 1,0 | 2,4 | 1,9 | 0,9 | 0,6 | 1,9 |
| Преработувачка индустрија | 12,1 | 11,9 | 10,6 | 22,2 | 5,7 | 22,1 |
| Комунални дејности | 1,9 | 2,8 | 3,8 | 3,4 | 5,4 | 2,7 |
| Градежништво | 7,9 | 10,9 | 17,0 | 8,0 | 5,3 | 4,3 |
| Трговија на големо и на мало | 11,2 | 13,0 | 15,5 | 13,2 | 19,4 | 12,4 |
| Транспорт | 3,8 | 6,4 | 4,1 | 4,8 | 9,1 | 6,1 |
| Угостителство и туризам | 6,0 | 5,0 | 5,1 | 5,2 | 6,3 | 3,7 |
| Информатичка и комуникациска технологија | 0,9 | - | 2,3 | 1,9 | 2,2 | 3,3 |
| Финансиски дејности и осигурување | 0,7 | 1,9 | 2,3 | 1,5 | 2,5 | 2,0 |
| Недвижности | | 0,9 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| Професионални, научни и технички дејности | 1,5 | - | 1,5 | 2,1 | 2,7 | 2,7 |
| Административни дејности и услуги за поддршка | 2,6 | - | 2,1 | 2,5 | 2,0 | 3,7 |
| Јавна администрација | 4,9 | 6,6 | 4,5 | 6,3 | 11,7 | 5,6 |
| Образование | 5,6 | 5,1 | 8,7 | 5,9 | 8,9 | 7,5 |
| Човечко здравје и социјална работа | 3,7 | 5,1 | 4,5 | 5,3 | 6,5 | 6,7 |
| Уметност, забава и рекреација | 0,9 | - | 1,5 | 1,6 | 2,9 | 2,1 |
| Други услужни дејности | 1,4 | 10,0 | 5,7 | 2,7 | 2,1 | 3,2 |
| Дејности во домаќинствата како работодавачи | 0,4 | 0,4 | 0 | 0,2 | 0,2 | 0,7 |
| Дејности на екстериторијални организации | 0,1 | 0,5 | 0,8 | 0,9 | 0,2 | 0,6 |
| **Категории на сектори според влијание врз растот на секторот** | | | | | | |
| Многу погодени | 24,0 | 19,3 | 31,7 | 25,0 | 33,7 | 25,5 |
| Умерено погодени | 23,8 | 39,2 | 33,6 | 37,7 | 22,8 | 37,6 |
| Релативно непогодени | 52,2 | 41,5 | 34,7 | 37,2 | 43,6 | 36,6 |

*Извор*: Пресметки врз основа на податоците од АПУЖ и АПД.

## Анекс 2. Детален опис на методологијата

**Во оваа белешка се користи симулациона анализа за да се проценат можните влијанија на епидемијата на КОВИД-19 врз сиромаштијата и врз дистрибуцијата во шесте земји од Западен Балкан.** Симулациите ја земаат првата апроксимација на влијанијата преку повеќе канали: приходите од секој сектор на вработеност, видот на работа и приватните трансфери на домаќинствата. Некои влијанија не се вклучени во симулациите, вклучувајќи ги прелевањето и влијанието од загубата на заработки поради болест; влијанието на потрошувачката поради промената на цените или повисоките здравствени расходи што се плаќаат од џеб и непаричната димензија на намалувањето на добросостојбата.

**Табела А.2: Загуби на приходите од труд по сектори и по вид на вработување (%)**

| | Сценарио 1 | | Сценарио 2 | |
|---|---|---|---|---|
| | Вработени на плата | Самовработени | Вработени на плата | Самовработени |
| Многу погодени | 12,5 | 25 | 25 | 50 |
| Умерено погодени | 6,25 | 12,5 | 12,5 | 25 |
| Непогодени | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Анализата ги користи најновите достапни анкети на домаќинствата во шесте земји од Западен Балкан.** Во Албанија, Северна Македонија[11] и во Србија, најновите достапни податоци се од Анкетата за приходите и за условите на живот од 2018 година (АПУЖ) што се однесува на приходите од 2017 година. Анализата за Црна Гора ги користи податоците за приходите од АПУЖ 2016 во која се поставуваат прашања за приходите на домаќинството, домувањето и условите за живот, здравјето, социјалната исклученост и социоекономските карактеристики на членовите на домаќинствата. Во другите две земји, најновите достапни анкети се Анкетата на потрошувачката на домаќинствата од 2015 (АПД) за БИХ[12] и АПД 2017 за Косово. Во нив се поставуваат прашања за приходите на домаќинството, за расходите за крајна потрошувачка (стоки и услуги), за социоекономските и географските карактеристики на домаќинствата, за карактеристиките на членовите на домаќинствата, за учеството на пазарот на трудот, за карактеристиките на домувањето и за социјалната инклузија и за субјективно мислење за здравјето и за здравствените услуги. Сиромаштијата се базира на приходите на домаќинствата во Албанија, Северна Македонија, Србија и во Црна Гора и на расходите по домаќинство во БИХ и во Косово.

**Анализата се потпира на веројатните влијанија на пазарот на трудот, по сектор и по вид вработеност, пред одговорот на властите.** Економските сектори на активност се групирани на: (1) релативно непогодени; (2) умерено погодени и (3) многу погодени (види Табела А.1). Самовработените работници имаат помала веројатност да бидат вклучени во шемите за социјално осигурување и може да не бидат погодени со мерките на властите за итен одговор. Во овие сектори се претпоставуваат различни шокови и по видови на вработеност (види Табела А.2). Во сценариото 1 претпоставуваме дека самовработените во групата 3 ќе имаат загуба на приходи за еден квартал (25 проценти од годишните приходи), во групата 2 ќе загубат половина од приходите во овој квартал (12,5 проценти), а приходите во групата 1 нема да бидат погодени. Шокот врз приходите за работниците на плата се претпоставува дека ќе биде помал: 12,5 проценти во групата 3, 6,25 проценти во групата 2 и без влијание во групата 1. Во сценариото 2 претпоставуваме дека пандемијата ќе трае два квартали и економските загуби се двојно поголеми од сценариото 1. Исто така претпоставуваме дека приватните трансфери ќе се намалат за 40 проценти во текот на четвртина од годината. Влијанијата се симулирани со одземање на загубите од заработките на работниците на дознаките на домаќинствата од приходите на домаќинствата по глава на жител и со споредба на овие сценарија со основицата.

---

[11] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета на приходите и условите за живот: Датотека со микро податоци. Скопје, Северна Македонија: Државен завод за статистика.

[12] Агенција за статистика на Босна и Херцеговина, Институт за статистика на Република Српска и Институт за статистика на Федерацијата Босна и Херцеговина: Анкета за потрошувачката на домаќинствата: Датотека со микро податоци.

WORLD BANK GROUP

РРедовен економски извештај за Западен Балкан бр.17 | пролет 2020

Погледнете го извештајот на следниот линк: www.worldbank.org/eca/wbrer



**Ти и јас**
**од Тања Бурзановиќ (Црна Гора)**

Др. Тања Бурзановиќ има големо искуство од областа на графички дизајн, графика во архитектура, внатрешен дизајн. Таа работела како уметнички директор, внатрешен дизајнер и графички дизајнер. Повеќето од нејзините уметнички изложби се одржале на различни места. Има добиено многу награди за нејзините уметнички и литературни дела. Таа издала книга со наслов Меѓусебната поврзност помеѓу „Светот на уметноста“, со поддршка од Амбасадата на Индија за Австрија и Црна Гора во Виена. Нејзината уметничка филозофија вклучува прикажување на меѓусебно поврзување помеѓу уметничките светови (просторни и временски уметности). Уметникот на тој начин медитира помеѓу природата и духовите, а сепак произлегува од апсолутната идеја и служи на целта за реализација на апсолутен дух. „Разбирањето на значењето преку формата“ е задача на уметноста поставена од современ мислител да докаже дека градежните форми и создавање смисла се два истовремени, испреплетени и апсолутно неразделни процеси во уметноста. Без тоа признание не е можно да се преземе понатамошен чекор во истражувањето на природата на уметноста и литературата. Таа верува дека уметноста е начин за пребарување на вистината. Уметноста е неразделна од пребарувањето на вистината.

*Луѓето создаваат идеи, луѓето ги обликуваат сонииштата, а луѓето создаваат уметност. За да се поврзат локалните уметници со пошироката публика, на насловната страна на овој извештај и следните изданија ќе биде претставена уметност од земјите од Западен*